# Интервју со раководителот на Центарот за современа ликовна уметност – Прилеп , Горан Ристески

2015-07-08



**По подолго време прилепската уметност деновиве е сведок на почеток на една културна традиција која е поврзана со градот херој која започнала уште од 1956-та година. Прилеп препознатлив како град херој е исто така и инкубатор на уметноста и културата, а тоа лесно ќе го потврдиме во денешното кусо интервју составено од неколку прашања со младиот раководител на центарот за современа и ликовна уметност на Прилеп, Горан Ристески.**



**Народен Глас:** Кој е виновен за почетоците на Прилепската ликовна колонија?

**Горан Ристески:** Главни виновници за нашето денешно постоење се Проф. Д-р Бошко Бабиќ и академскиот сликар Проф. Ристо Лозановски и нивната идеја и желба да се внесе ликовната уметност во средината во која живееме. Идејата се раѓа есента 1956 година, за да конечно се реализира 1957 година, со формирањето на Центарот за современа ликовна уметност и во негови рамки првата ликовна манифестација во Прилеп, сега веќе една од најстарите ликовни колонии на Балканот и во Југоисточна Европа, се развива со текот на годините за да на крај се претвори во угледна општествена организација во земјава и надвор од неа.

**Народен Глас:** Како се развива Прилепската ликовна колонија низ текот на сите овие години?

**Горан Ристески:** Во првата 1957 година, Сликарската колонија го започнува скромно својот понатамошен пат, со присуство од тројца сликари,но во следните години нивниот број постепено се зголемува. Во првите години гостите својот престој го обавуваа во стариот прилепски хотел ” Југославија “, но поради желбата да се оствари атмосвера на заеднички живот, која хотелот не ја овозможувал, во 1968 година коонијата се организира на конаците на манастирот Трескавец, недалеку од Прилеп, а од 1969 година во обновениот конак на манастирот Св. Архангел Михаил во Варош, Прилеп. Во првите три години колонијата дејствува под името Сликарска колонија, а од 1960 како “Интернационална сликарска колонија“.
Во 1963 година по иницијатива на Проф. Д-р Бошко Бабиќ , кој во тој период е претседател на колонијата, а по завршувањето на неговиот мандат станува доживотен почесен претседател, се формира “Интернационалниот скулпторски симпозиум *МЕРМЕР*”, а осум години подоцна во 1971 година исто така на негоа иницијатива се формира Интернационалното студио за пласика во дрво.
Предлогот за името на ова студио го дава нашиот долгогодишен соработник Д-р. Борис Петковски професор на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј ” -Скопје.
Оие три манифестации влегуваат во рамките на Ценатрот за современа ликовна уметност, кој до 1980 година функционира во склоп на Народниот музеј во Прилеп, а од 1980 година ЦСЛУ преминува во самостојна организација.
Во 1984 година е формирано “Интернационалното ателје за склулптура во метал“, по иницијатива на тогашноит секретар на ЦСЛУ – Диме Јанески потоа и раководител на ЦСЛУ. Во 2004 година е формирано “Интернационалното студио за

пласика во платсика“ по иницијатива на раководителот Диме Јанески и скулпторот Предраг Јаневски. Првите четири манифестации се одржуваат тековно секоја година  за време на летниот период , а повеременo се одржуваат иИнтернационалното студио за пластика во пластика, Интернационално ателје за витраж, Интернационална работилница за керамика, Интернационално ателје за уметничка фотографија, Интернационално ателје за мозаик и Интернационално ателје за графика.

Колонијата до 1992 година трае три месеци, но откако е преместена во центарот на градот времетраењето е скратено на 15 дена.

**Народен Глас:** Како најдобро ја оценувате работата на ЦСЛУ-Прилеп?

**Горан Ристески:** Колекциите на ЦСЛУ во Прилеп, овозможуваат избор на најразновидни експозиции од одбласта на сликарските и вајарските дисциплини.Творците од различни ликовни средини од земјава , Европа и другите континенти, во текот на годините за време на летните сеанси создаваат творби со кои ја збогатуваат ликовната уметност и ризницата во Прилеп. Покрај творењето за нас важна е и комуникацијата и дружењето на ликовните творци од различни културни средини и од наша страна пријателскиот однос кон  уметниците и презентацијата на  богатствата на Р.Македонија по кои ќе не паметат.

Ова ни дава за право да кажеме дека ликовните ателјеа во овој извонреден творечки амбиент, овозможуваат експериментирања и истражувања со цел да се дојде до нешто ново, што ќе се вклучи во општите сликарски токови и ќе биде дел од светската современа ликовна уметност , придонесувајќи за тамошниот нејзин развој. Творбите од оваа ризница секогаш предизвикуваат голем интерес во јавноста.

Во текот на нашето постоење се стремиме кон зголемување на консументите на културниот производ, како и регрутирање на нови консументи меѓу младата популација, и се залагаме за целосна заштита на културните објекти.

**Народен Глас:** Каде се може да се сретнат уметничките дела изработени во Прилепската ликовна колонија?

**Горан Ристески:** Нашиот квалитет се гледа преку делата од постојаната изложба на скулптури во центарот и останатите делови на град Прилеп, како и во другиоте градови од Р.Македонија, како и изложбите на слики кои ги красат државните и приватните институции во сите делови од нашата држава.  Збирката на ЦСЛУ има преку 1000 различни уметнички дела кои што се од исклучителна важност за македонската култура.

**Народен Глас:** Колкав е бројот на учесниците во сите овие години и од кои страни на светот тие ни доаѓаат?

**Горан Ристески:** . Во текот на нашето постоење ЦСЛУ имал учесници од : Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Босна, Австрија, Полска, Израел, САД, Белгија, Унгарија, Русија, Бугарија, Франција, Швајцарија, Англија, Норвешка, Јапонија, Романија, Германија, Шведска, Италија, Финска, Португалија, Грција, Мексико, Сенегал, Алжир, Ирак, Турција, Австралија, Куба, Аргентина, Албанија, Кипар, Кина, Малезија и Египет. До сега сме имале бројка од преку илјада учесници на колонијата.
Во посебните многубројни признанија кои ги доби ЦСЛУ за својата работа, посебно место завземаат неговите збирки кои високо се оценети во македонски и меѓународни рамки. Посебно како колекција со светска вредност од страна на врвни критичари од земјава и странство е оценета колекцијата на скулптури во дрво од Интернационалното студио за пластика во дрво.

**Народен Глас:** Знаеме дека ЦСЛУ во своја организација има многу изложби и научни собири, како кои од нив би можеле да ги издвоиме како позначајни, и признанијата кои се разбира се успехот на ЦСЛУ?

**Горан Ристески:** Во организација на ЦСЛУ можеме да ги издвоиме како позначајни следниве изложби:

1958 година во Љубљана-Јакопчиев Павиљон, изложба на слики, 1961 година Скопје- изложба на слики, 1967 година Белград – Културен центар, изложба на слики, 1969 година Суботица-Ликовни средби, изложба на слики, 1975 година Скопје-Центар за култура, изложба на слики, 1975 година Скопје- Дом на млади "25 Мај" , изложба на слики, 1976 година Куманово-Уметничка галерија, изложба на слики, 1976 година Штип-Уметничка галерија, изложба на слики, 1976 година Струмица-Работнички универзитет, изложба на слики, 1977 година Копар – галерија Медуза, изложба на слики, 1981 година Белград – Уметнички павиљон Цвјета Зузориќ, изложба на скулптура во дрво, 1982 година Скопје- Музеј на современа уметност, изложба на скулптура во дрво, 1991 година Суботица-Ликовни средби, изложба на скултура во мермер, метал и дрво, 1993 година Струмица- Уметничка галерија , изложба на слики, 1995 година Скопје- галерија Даут Пашин Амам, изложба на слики, 1998 година Скопје-КИЦ изложба на скулптура во мермер, метал, дрво и слики, 2000 година Скопје-КИЦ , изложба на скулптура и слики, 2002 година Штип- Уметничка галерија, изложба на скулптура и слики, 2004 година Струмица- Уметничка галерија , изложба на скулптура и слики, 2006 година Скопје, Аеродром (Паркот на музиката)- повод 11 Октомри, изложба на отворено на скуптури, 2007 година Прилеп Дом на култура Марко Цепенков – изложба на слики и скулптури по повод 50 години ЦСЛУ, ЦСЛУ задолжително секоја година организира изложби во Прилеп и ширум Републиката на кои што се изложуваат делата изработени во тековната година.Организирани се ретроспективни изложби на уметници од поедини земји, а исто така се организираат самостојни изложби на учесниците.

ЦСЛУ е исто така организатор на повеќе  значајни собири меѓу кои ќе одвоиме неколку, Седница на извршен одбор на сојузот на ликовните уметници во Југославија, Основачко собрание на југословенската заедница на интернационалните  колонии и симпозиуми, Седница на Југословенска секција на ликовни критичари  и од поново време Научноит симпозиум на тема Сликарските и Скулпторските колонии во Југоситочна Европа.

За својата дејност ЦСЛУ има добиено повеќе признанија, меѓу кои како позначајни ќе ги одвоиме: 1967 година – Плаката од сојузот на ликовните уметници на Југославија за заслуги во ширењето на ликовните уметности, 1969 година –

Повелба од Хрватското друштво на ликовните уметници, 1975 година – Септемвриска награда на Прилеп.

**Народен Глас:** Колкав е бројот на уметниците кои ќе земат учество оваа година и од каде ни доаѓаат?

**Горан Ристески:** Оваа година учествуваат четворица скулптори и тоа, Андреј Митевски-Македонија, Стратос Палас–Грција, Милан Кулиќ–Србија и Предраг Јаневски- Македонија, како и десет сликари Моли Раш–Америка, Александра Ациќ-Србија, Магдалена Саздовска–Македонија, Михајлоски Драшко–Македонија, Драган Вергоски–Македонија, Васил Костов-Македонија, Александар Џинго-Македонија, Верче Николоска-Македонија, Наде Тошкоска-Македонија и  Марта Макеска-Македонијакако и две ученички во Интернационалното ателје за уметничка фотографија и тоа Ирена Мила-Македонија и Елена Фидановска-Македонија.

**Народен Глас:** Каде престојуваат и каде ги изработуваат своите дела?

**Горан Ристески:** Уметниците престојуваат во хотел Салида Прилеп, а уметничките дела ги изработуваат во реновираниот ликовен салон на Центарот за современа ликовна уметност-Прилеп во центарот на градот под градската библиотека "Борка Талески".

**Народен Глас:** Кои се вашите планови по завршувањето на Прилепското уметничко лето?

**Горан Ристески:** Има доста работа по завршувањето на работниот дел, делата ќе се спремаат за изложби кои се планирани после септември во Македонија и надвор од неа, а исто така ЦСЛУ планира да воведе од оваа година и нови активности кои се поврзани со доближување на уметноста до најмладата популација во Прилеп но тоа ќе го оставиме за некое нарено интервју кога истите ќе почнат со реализација.

**Народен Глас:** И за крај која е вашата примарна и основна цел?

**Горан Ристески:** Културата е многу важен фактор во човечкото општество, се појавува заедно со човекот и го следи како најдобар пријател низ развојот на вековите. Таа е вистинското лице на човештвото, никогаш нема да згасне, а ние преку нејзиниот напредок , успеваме да им дадеме појасна слика за нашето постоење на идните генерации. Културата го негува постоењето на еден народ и ги овековечува сите оние кои што на различни начини помагаат во остварувањето на нејзината цел,а наша цел е да ви помогнеме да станете нејзини блиски пријатели.

**Фото Галерија од почетоците на прилепската ликовна галерија :**










46 ml
Classic
yellow ochre
225
721
Titanweiß
Goya
FEINSTE KÜNSTLER ÖLFARBE
55 ml










ACRYLIC


SOLO Goya
ACRYLIC
MADE IN GERMANY
C.KREUL
ACRYLIC
MADE IN GERMANY
C.KREUL
SOLO Goya
ACRYLIC
MADE IN GERMANY












03/08/2011 07:45 PM






03/08/2011 07:45 PM